Врз основа на член 20 и член 21 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр. 143/11, 78/13, 35/15 и бр. 207/16), ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво-Скопје со седиште на ул. 1 бр. 25 Миладиновци, Илинден, 1000 Скопје, го објавува следното

Бр. 14/3 - 691/18
19.02.2018

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известува јавноста дека ОКТА АД Скопје на 05.02.2018 достави
Барање за издавање лиценца за трговија со природен гас
до Регулаторна Комисија за енергетика на Република Македонија

**Назив на Барателот:**

ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво - Скопје
Ул.1 бр.25 н.м. Миладиновци Општина ИЛИНДЕН

**Вид на енергетска дејност:**

Трговија со природен гас

**Подрачје каде ќе се врши дејноста:**

Енергетската дејност трговија со природен гас ќе се врши на целата територија на Република Македонија и странство.

**Опис на начинот, објектите и средства за вршење на дејноста:**

Енергетската дејност, трговија со природен гас, ќе ја вршиме преку склучување на купопродажни договори за набавка на природен гас од земјата и странство, договори со операторите за пренос и дистрибуција за обезбедување на капацитети за пренос и дистрибуција и системски услуги, како и договори со квалификуваните потрошувачи и со снабдувачите со природен гас на тарифните потрошувачи.

**Времетраење на лиценцата:**

10 (десет) години

**Рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со Барањето за издавање на лиценца:**

Заинтересираните правни и физички лица можат по писмен пат да доставаат до Регулаторната комисија мислења и предлози во врска со Барањето во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Известувањето за барањето во дневниот печат.

**Адреса на Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија:**

Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6-ти спрат, 1000 Скопје, Република Македонија

ОКТА АД СКОПЈЕ